# INTERIM MEASURES IN ARBITRATION

**Emilija Gjorgjioska**
St. KlimentOhridski University in Bitola, Faculty of economics-Prilep, emilija.mateska@uklo.edu.mk
**Zorica Stoileva**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Law Iustinianus Primus in Skopje,
stoileva_zorica@yahoo.com
**Dijana Gorgieva**
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Law Iustinianus Primus in Skopje,
dgorgieva64@yahoo.com

**Abstract:**In the arbitration, just like in civil litigation, it may be necessary before the final merit award is rendered by the arbitral tribunal, the relations between the parties to be temporarily settled. The need for ordering interim measures before or during an arbitration may arise in order to create conditions for maintaining the existing situation untilthe arbitration settlement of the dispute, facilitating the enforcement of the potential condemnatory arbitration award or faster conduct of the arbitration.Due to these advantages of the interimmeasures, the problem of interim measures in the modern arbitration process theory and practice gets more and more important. In the context of this, the questions arise what types of interim measures and under what conditions can be ordered in the arbitration?Who has the authority to order inerim measures: the state court or arbitrator of the arbitration tribunal or arbitrator for emergencies, and etc. Regarding the types of interim measures that can be ordered before or during the arbitration, there are: conservation, temporary, procedural-facilitating, record-keeping and execution-enforcement measures. The conditions for ordering each of these measures are specific and depend on the purpose and function of the interim measure itself. Regarding the dilemma who is auhtorized to order interim measures in the arbitration, it must be emphasized that the older arbitration theory and practice that has been created around state protectionist legal politics accepts the position that only the state court can order inerim measures while the contemporary arbitration theory and practice proves that the arbitrator of the arbitration court (more often) or an emergency arbitrator (less often) should order the imerim measures in the arbitration. It is precisely because of these problems and dilemmas that still baffle the science of the arbitration procedural law the subject of this paper will be the legal regulation of the subject matter of the interim measures in the Macedonian arbitration legislation. For this purpose, an analysis will be made of the positive legal provisions of the Law on Litigation Procedure of the Republic of Macedonia which regulates the domestic arbitration, the Law on International Commercial Arbitration of the Republic of Macedonia, which regulates the international arbitration and the Rules of The Permanent court of Arbitration attached to the Economic Chamber of Republic of Macedonia that apply to resolve arbitration disputes with and without a foreign element and will be analyzed whether they regulate and to what extent they regulate the issue of ordering of inrim measures in the arbitration. This will be done in order to conclude whether there is a need for amendments of the Macedonian Arbitration Legislation in order for the Macedonian arbitration procedural right to be in line with the modern arbitration tendencies for ordering interim measures in the arbitration, primarily the UNCITRAL Model Law.
**Keywords**:interim measures, arbitration, macedonian arbitration legislation

# ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ВО АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

**Емилија Ѓорѓиоска**
Економски факултет, Прилеп, Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола,
emilija.mateska@uklo.edu.mk
**Зорица Стоилева**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје,
stoileva_zorica@yahoo.com
**Дијана Ѓоргиева**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје,
dgorgieva64@yahoo.com

**Резиме:**Во арбитражната постапка, исто како и во граѓанската парнична постапка, може да се појави потреба пред донесувањето на конечната мериторна одлука односите меѓу странките привремено да се уредат. Потребата за донесување на привремени мерки пред или во текот на арбитражната постапка може да се појави заради создавање на услови за одржување на постоечката состојба до арбитражното решавање на спорот, олеснување на извршувањето на потенцијалните кондемнаторни арбитражни одлуки или побрзо водење на арбитражната постапка. Поради овие предности на изрекувањето на привремените мерки проблематиката за привремените мерки во модерната арбитражна процесна теорија и практика добива сè повеќе на значење. Во контекст на ова се отвораат прашањата кои видови привремени мерки и под кои услови може да се изречат во арбитражната постапка, кој може да ги изрекува привремените мерки: државен суд, арбитар на арбитражниот суд, арбитар за итни случаи и слично. Во поглед на видовите привремени мерки кои може да се изречат пред или во текот на арбитражната постапка најчесто се изрекуваат конзервациски, привремени, процесно-олеснувачки, евиденциски и егзекуциско-обезбедувачки. Условите за изрекување на секоја од овие мерки се специфични и зависат од самата цел и функција на привремената мерка. Што се однесува пак до дилемата кој е овластен да одредува привремени мерки во арбитражната постапка мора да се потенцира дека постарата арбитражна теорија и практика која се создаде околу државно протекционистичката правна политика прифаќа позиција дека тоа може да биде само државен суд, додека современата арбитражна теорија и практика докажува дека тоа треба да биде арбитар на арбитражниот суд (почесто) или арбитар за итни случаи (поретко). Токму поради овие проблеми и дилеми кои сеуште ја бранууваат науката за арбитражното процесно право предмет на овој труд ќе биде законското регулирање на тематиката за привремените мерки во македонското арбитражно законодавство. За оваа цел ќе биде направена анализа на позитивните законски одредби на Законот за парничната постапка на Република Македонија кој ја уредувадомашната арбитража, Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија кој ја уредува меѓународната арбитража и Правилата на Постојниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија кои важат за решавање на арбитражни спорови со и без странски елемент и ќе биде направена анализа дали тие го регулираат и во која мера го регулираат прашањето за изрекувањето на привремените мерки во арбитражната постапка. Ова ќе биде направено со цел да се согледа каде постои потреба за измени и дополнувања на македонското арбитражно законодавство соцел македонското арбитражно процесно право да биде во согласност со модерните арбитражни тенденции за изрекување на привремени мерки во арбитражната постапка, во прв ред Модел Законот на UNCITRAL.
**Клучни зборови:**привремени мерки, арбитражна постапка, македонско арбитражно законодавство

## 1.ВОВЕД

Привремените мерки во арбитражната постапка во современата процесна теорија и практика добиваат сè повеќе на значење поради етаблирањето на арбитражната постапка во достојна алтернатива на граѓанската парнична постапка и можноста покрај државниот суд привремени мерки да изрекува и арбитражен суд. Наведената можност е поново решение на UNCITRAL Модел Законот кое создава практични предности: помага да се одржи постоечката состојба до мериторното арбитражното решавање на спорот, го олеснува извршувањето на потенцијалните кондемнаторни арбитражни одлуки или пак овозможува побрзо водење на арбитражната постапка. Токму поради ова на компаративно ниво во позитивните национални арбитражни закони тренд е да се регулира овластувањето на арбитражниот суд да изрекува различни привремени мерки пред или во текот на арбитражната постапка. Оваа тенденција не треба да го заобиколи ниту македонското арбитражно законодавство кое согласно своите потреби треба да го регулира прашањето за изрекувањето на привремените мерки во арбитражната постапка.

## 2. ПОИМ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ВО АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

Поимот привремена мерка во арбитражна постапка е автономен поим кој не треба да се идентификува со поимот привремена мерка како мерка за обезбедување на побарувањата која се изрекува во национална граѓанска парнична или извршна постапка. Ова затоа што постои содржинска разлика меѓу привремените мерки кои се изрекуваат во арбитражната постапка и привремените мерки кои се изрекуваат во националните граѓански судски постапки. Дека ова е така вистински доказ е фактот што поимот привремена мерка во арбитражната постапка е поширок поим од поимот привремена мерка во национална граѓанска судска постапка затоа што привремените мерки во арбитражната постапка не овозможуваат само обезбедување на побарувањата туку овозможуваат и ефикасно водење на арбитражната постапка, обезбедување на докази за целите на арбитражната постапка и сл. Токму поради ова во арбитражната процесна теорија привремените мерки се дефинираат автономно како мерки со временски ограничен

карактер со кои пред донесувањето на арбитражната одлука со која дефинитивно се одлучува за спорот арбитражниот суд ѝ наредува на некоја од странките да одржи или одново воспостави одредена состојба до конечното решавање на спорот, да преземе дејствие со кое ќе спречи или ќе се воздржи од дејствија со кои се нанесува непосредна или неизбежна штета или се прејудицира исходот на арбитражната постапка, да обезбеди средство за зачувување на имотот на кое би можело да се спроведе извршување на арбитражната одлука или да обезбеди докази кои може да бидат важни и потребни за донесување на одлуката.

## 3. ВИДОВИ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ВО АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

Во зависност од поводот поради кој некоја од странките во арбитражната постапка бара провизорна правна заштита привремените мерки кои ги изрекува арбитражниот суд пред или во текот на арбитражната постапка генерално се делат на: конзервациско превентивни, процесно-олеснувачки евиденциски и егзекуциско-обезбедувачки мерки. Конзервациско превентивните привремените мерки се посебен вид на привремени мерки чија цел е да се обезбеди до конечното решавање на спорот привремено одржување на одредена постоечка состојба. Процесно-олеснувачките евиденциски привремени мерки пак се мерки кои овозможуваат побрзо водење на арбитражната постапка затоа што со изрекувањето на овие мерки се спречува непотребно одолговлекување на постапката. Егзекуциско-обезбедувачките, пак, се посебен вид на привремени мерки, кои се изрекуваат во арбитражната постапка и имаат за цел да се олесни извршувањето на потенцијалната кондемнаторна арбитражна одлука.

## 4. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ВО АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

Државно-протекционистичката политика и сомнежот со кој долго се гледаше кон арбитражата иницијално ќе предизвикаат состојба привремените мерки во арбитражната постапка да ги изрекува државен суд. Основна причина за ова е фактот што одлуката за привремената мерка по својата правна природа не е само кондемнаторен акт на една контенциозна (во случајов приватно-правна) јурисдикција туку и акт кој има дејство на решение за извршување. Поради фактот што одлуката за привремената мерка во арбитражната постапка е решение за извршување долго се веруваше дека таа е суверено овластување на државата кое е инкомпатибилно со овластувањата на арбитражниот суд како недржавно тело затоа што влегува во исклучива надлежност на државата. Ова затоа што привремените мерки најчесто се остваруваат во национална граѓанска извршна постапка како продолжение од парничната постапка што му противречи на арбитражниот договор со кој се дерогира државното судење. Поради ова се сметаше дека договорот за арбитража му дава овластување на арбитерот само да го реши конкретниот арбитражен спор, но не и право да изрече привремена мерка во конкретната арбитражна постапка. Наспрема ова традиционално сфаќање за надлежниот орган кој може да изрекува привремени мерки во арбитражната постапка во современата арбитражна теорија и практика тенденција е привремените мерки да ги изрекува арбитражен суд. Ова затоа што договорот за арбитража не е инкомпатибилен со овластувањето на арбитражниот суд да изрече привремена мерка бидејќи со арбитражниот договор се дерогира надлежноста само на парничниот пат на правната заштита, но не и на некотециозната извршна постапка. Силен аргумент во корист на ова е функционалната самостојност на извршната во однос на парничната постапка, но и автономниот карактер на привремените мерки во арбитражната постапка во однос на привремените мерки кои се изрекуваат во државната судска постапка. Одовде не треба да изненадува тоа што базичните арбитражни процесни законодавства во европско-континенталниот систем: германското и француското, изречно дозволуваат изрекување на привремени мерки од арбитражниот суд. Од друга страна овластувањето на арбитражниот суд самостојно да изрекува привремени мерки ја отвора и дилемата дали законот треба да го овласти арбитражниот суд да изрекува привремени мерки или пак тоа можат само странките со изречен договор како и дали пред иницирањето на арбитражната постапка може да се назначи арбитер за итни случаи со цел да изрекува привремени мерки пред конституирањето на арбитражниот суд.

## 5. НОРМАТИВНА РАМКА ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ВО АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Позитивната законска и подзаконска рамка во Република Македонија во однос на овластувањата, можноста и постапката за изрекување на привремени мерки во арбитражата ја сочинуваат: 1) Законот за парничната постапка (ЗПП) - делот кој се однесува на постапка пред избраните судови, 2) Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија (ЗМТАРМ) и 3) Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија (Правилник на ПИСА).

Во однос на споровите без меѓународен елемент за правата со кои слободно располагаат странките се применуваат одредбите од главата тринаесетта од ЗПП која се однесува на постапките пред избраните судови чие седиште е во Република Македонија. ЗПП наместо поимот „арбитражни судови" диспонира со поимот „избрани судови". Во правната теорија и во законодавствата има различни определувања на поимите арбитражен суд и избран суд, кои се движат од гледиште дека станува збор за различни органи за судење, до гледиште дека поимно станува збор само за различно именување на ист орган. Кога посредно ги дефинира избраните судови, законодавецот упатува на судови основани при стопанските комори и при другите организации предвидени со закон, ако со законот не е утврдено дека определените видови спорови ги решава исклучиво друг суд. На овој начин не е опфатена примената за ad hoc арбитражи во Република Македонија за спорови кои не се меѓународни. Во ЗПП за постапката за изрекување на привремени мерки не се содржани посебни одредби и тоа значи дека прашањето на привремените мерки закодавецот го остава на уредување на странките и правилниците на судовите основани при стопанските комори и при другите организации.

ЗМТАРМ ја регулира меѓународната трговска арбитража доколку местото на арбитражата е на територијата на Република Македонија. Согласно член 17 од ЗМТАРМ ако странките поинаку не се договориле арбитражниот суд може на барање на една од странките со привремена мерка за обезбедување да ѝ наложи на било која од странките да преземе одредена мерка која арбитражниот суд ја смета за потребна според предметот на спорот. Арбитражниот суд може да побара од која било од странките да даде соодветно обезбедување во врска со таква мерка. Ако странката на која се однесува привремената мерка не се согласи истата доброволно да ја изврши, тогаш странката на чијшто предлог таа мерка е наложена може да се обрати до надлежниот суд заради нејзино присилно спроведување. Ова значи дека македонскиот законодавец во ЗМТАРМ го има прифатено современото сфаќање на арбитражната теорија и практика затоа што во овластувањата на арбитражниот суд ја регулира и можноста да изрече привремена мерка под услов доколку странките поинаку не се договориле (во арбитражната спогодба ја исклучиле можноста на арбитражниот суд да изрече привремена мерка). Законодавецот, со цел посеопфатна заштита на правата на странките во арбитражната постапка, во член 9 од ЗМТАРМ регулира и дека независно од тоа што странките склучиле арбитражна спогоба, можат пред или во текот на арбитражната постапка пред националниот суд да поднесат барање за изрекување привремени мерки за обезбедување. Барањето на некоја од странките судот да изрече привремена мерка пред или за време на арбитражната постапка не е во спротивност со договорот за арбитража. Ваквото постапување на странките не би значело дерогирање на арбитражната спогодба затоа што странките и понатаму може да водат или поведат постапка пред арбитража за главниот спор/спорови.

Најголема важност за организацијата и промовирањето на арбитражата во Република Македонија има Стопанската комора на Република Македонија како водечка бизнис-асоцијација со традиција подолга од 90 години. Ова затоа што во рамките на Стопанската комора на Република Македонија е формиран Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија. До 1993 година, до донесувањето на Правилникот на ПИСА, Постојаниот избран суд - Арбитража беше надлежен да решава единствено спорови без меѓународен елемент. Токму поради ова со член 65 од Статутот на Стопанската Комора на Македонија ќе биде предвидено дека членовите на комората можат пред Постојаниот избран суд да ги изнесуваат и споровите од меѓусебните односи, кои самостојно ги уредуваат или кои произлегуваат од правата со кои располагаат, освен оние за кои со закон или друг пропис е предвидена исклучителна надлежност на судовите. На овој започна да се надминува ограничувањето и затворениот карактер на арбитражата, по што согласно член 51 од Статутот на Стопанската Комора на Република Македонија Постојаниот избран суд - Арбитража ќе започне да ги решава и меѓусебните деловни спорови меѓу членовите на Комората, меѓу членови на Комората и трети лица, како и меѓу други правни лица од земјата и од странство, ако странките ја договорат надлежноста на избраниот суд. Во 2011 година со цел унапредување на работата на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија беа направени повеќе нормативни измени и беа донесени нов Правилник на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија, Правила за трошоци во постапката пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија, како и нови листи на арбитри. Онака како што е регулирано со Правилникот на ПИСА во текот на постапката ако странките поинаку не се договориле на барање на една од странките арбитражниот суд може да изрече привремена мерка за обезбедување со која ќе ѝ наложи на било која од странките да преземе одредена мерка која ја смета за потребна во согласност со предметот на спорот. Согласно член 56 став 1 од Правилникот на ПИСА, странките може да се договорат да ја исклучат надлежноста на арбитражниот суд за донесување на одлука за привремена мерка за обезбедување. Ако странката на која се однесува привремената мерка не се согласи

истата доброволно да ја изврши тогаш странката на чијшто предлог таа мерка е наложена може да се обрати до надлежниот суд заради нејзино спроведување.

Правилникот на ПИСА при СКМ, како и ЗМТАРМ, не содржи одредби за видот на привремените мерки, начинот и условите за нивно изрекување, можноста да биде именуван арбитер за итни случаи - кога се бара изрекување на привремена мерка, а арбитражниот суд сеуште не е формиран или постапката за арбитража не е започната.

**6. ВЛИЈАНИЕТО НА МОДЕЛ ЗАКОНОТ НА UNCITRAL ВРЗ МАКЕДОНСКОТО АРБИТРАЖНО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ПОГЛЕД НА МОЖНОСТА ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ОД АРБИТРАЖНИОТ СУД**

Од анализата на законската рамка за изрекување на привремени мерки во арбитражната постапка во Република Македонија може да се заклучи дека сè до донесувањето на ЗМТАРМ македонскиот законодавец немаше став во поглед на можноста арбитражниот суд да изрече привремена мерка во арбитражната постапка. За ова вистински доказ е нерегулирањето на прашањето за привремените мерки во постапката пред избраните судови во ЗПП. Можноста арбитражниот суд да изрече самостојно привремени мерки во арбитражната постапка прв ја регулираше ЗМТАРМ под инфлуенца на Модел законот на UNCITRAL од 1985 година, како soft law инструмент, кој има огромно влијание врз креирањето на современите национални арбитражни законодавства од кои исклучок не е ниту македонското арбитражно законодавство. Меѓутоа, иако ЗМТАРМ прв дозволи арбитражниот суд самостојно да изрече привремена мерка, се чини во овој закон сеуште недоволно и непрецизно е регулирано прашањето за изрекувањето на привремените мерки.

Ова подеднакво важи и Правилникот на ПИСА при СКМ затоа што тие не ги следат модерните тенденции во поглед на прашањето за изрекувањето на привремените мерки во арбитражната постапка. Ова затоа што истите не се хармонизирани со измените кои Модел законот на UNCITRAL од 1985 година ги претрпи во 2006 година. Токму поради ова во иднина се очекува македонскиот арбитражен законодавец под влијание на Модел законот на UNCITRAL од 2006 година да регулира одредби за: 1) видот на привремените мерки кои може да се изречат во арбитражната постапка, 2) начинот и условите за изрекување на привремените мерки, 3) временско ограничување за важењето на привремените мерки заедно со можност за менување, укинување и запирање на привремените мерки и 4) признавањето и извршувањето на привремените мерки.

Во поглед за видот на привремените мерки кои може да се изречат во арбитражната постапка македонскиот законодавец треба јасно да дефинира што подразбира под поимот привремена мерка и таксативно да ги определи видови привремени мерки кои може да се изречат од арбитражниот суд пред или во текот на арбитражната постапка. Потоа треба јасно да ги спецификира условите под кои арбитражниот суд може да ги изрече истите во вид на: опасност од штета, пропорционалност и веројатност за конечен мериторен успех во постапката. Понатаму закодавецот треба да го определи и временското ограничување на привремените мерки како и можноста за нивно менување, укинување и запирање. Конечно македонскиот арбитражен законодавец мора да го регулира и прашањето за признавање и извршување на привремените мерки. Притоа генерално треба да се прифати решение дека арбитражните привремени мерки без оглед на фактот дали се работи за домашна или странска арбитража судот во државата на извршувањето треба да ги признае и изврши во сите случаи освен доколку не постојат причини за ускратување на признавањето или извршувањето.

Освен наведените законски измени и дополнувања пожелно е и Правилникот на ПИСА при СКМ да се надополни со одредби со кои ќе се регулира можноста да се именува арбитер за итни случаи кога се бара изрекување на привремена мерка, а арбитражниот суд сеуште не е формиран или постапката за арбитража не е започната. Ова затоа што на овој начин ќе се овозможи поефикасна заштита на побарувањето на доверителот и задржување на состојбата status quo пред започнување на арбитражната постапка. Станува збор за решение кое го прифаќаат најголемиот број правилници на светските еминентни арбитражни институции: LCIA, ICDR, ICC, SIAC, HKIAC, AAA, Центарот за арбитража и медијација при WIPO, SCAI, арбитражите во Љубљана и Загреб итн.

**7. ЗАКЛУЧОК**

Од погоре наведеното може да се заклучи дека привремените мерки во арбитражната постапка се sui generis институт на арбитражното право. Со изрекување на привремените мерки во арбитражната постапка може да одржи постоечката состојба до мериторното арбитражно решавање на спорот, да се олесни извршувањето на потенцијалните кондемнаторни арбитражни одлуки или пак да се овозможи побрзо водење на арбитражната

постапка. Поимот прввремена мерка во арбитражната постапка компаративно погледнато на законско ниво не е регулиран. Во однос на овластениот орган кој може да изрекува привремена мерка тоа може да биде државен суд, арбитажниот суд, но и арбитер за итни случаи. Во Република Македонија можноста за изрекување на привремени мерки од стана на арбитражен суд е воведена со ЗМТАРМ. Од одредбите кои се однесуваат на привремените мерки во ЗМТАРМ може да се заклучи дека привремените мерки во него не се доволно јасно и прецизно регулирани и истите треба да се усогласат со измените на Модел Законот на UNCITRAL од 2006 година. Ова треба да се направи на начин што јасно ќе се определи поимот за привремена мерка, начинот и условите за изрекување на привремените мерки, траењето, изменувањето и укинувањето на привремените мерки како и одредби за признавањето и извршувањето на привремените мерки со што ќе се постигне поголем степен на правна сигурност и владеење на правото.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] A.Redfern, M.Nunter, Law and Practice of International Commercial Arbitration, Sweet and Maxwell, London, 2004.
[2] E. Kunštek, Priznanje i ovrha privremenih mjera donesenih u arbitražnom postupku, Pravo u gospodarstvu-časopis za gospodarsko-pravnu teoriju i praksu, godište 50, svezak 4, Zagreb, 2011.
[3] G. Knezevic, V. Pavic, Arbitraža i alternativno rješavanje sporova. Zagreb: International Trade Centar, 2003
[4] M. Schwartz, Interim and Emergency Relief in Arbitration Procesedings, International Dispute resolution Journal, AAA, February/April 2008.
[5] N. Blackaby, C. Partasides, A. Redfern, M. Hunter. Redfern and Hunter on international arbitration. New York, Oxford University press, 2009.
[6] T. Zoroska-Kamilovska, T. Sterjova. Interim measures in arbitration proceedings- facing the challenge to amend the Macedonian arbitration legislation, Arbitration in the CEFTA Region- a Way Towards Economic Development, Skopje, 2014.
[7] S. Triva, M. Dika, Građansko parnično procesno pravo, Hrvatska: Narodne novine, Zagreb, 2004.
[8] S. Triva, A. Uzelac, Hrvatsko arbitražno pravo, Narodne novine, Zagreb 2007.
[9] UNCITRAL, Possible Uniform Rules on Certain Issues Concerning Settlement of Commercial Disputes Concilation Interim Measures of Protection, Written Form for Arbitartion Agreemenr, Report of the Secretary General, delivered to General Assembly, U.N Doc, A/CN.9/WG.II/WP.108.
[10] UNCITRAL Arbitration Rules (1976),https://uncitral.un.org/sites/uncitral.un.org/files/media-documents/uncitral/en/arb-rules.pdf
[11] UNCITRAL Arbitration Rules (as revised in 2010), https://uncitral.un.org/sites/uncitral.un.org/files/media-documents/uncitral/en/arb-rules-revised-2010-e.pdf
[12] UNCITRAL Model Law on International Commercial Arbitration (1985), with amendments as adopted in 2006, https://uncitral.un.org/sites/uncitral.un.org/files/media-documents/uncitral/en/07-86998_ebook.pdf
[13] А. Јаневски, Т. Зороска-Камиловска,Граѓанско процесно право, книга прва, Парнично право, Правен факултет „Јустинијан I“-Скопје, Скопје, 2012.
A. Јаневски, Т. Зороска-Камиловска, Обезбедување на побарувањата според Законот за обезбедување на побарувањата, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2012.
[14] А. Николовски, Поставеноста на Постојниот избран суд (Арбитража) при Стопанската Комора на Република Македонија-како можност за решавање на трговските спорови, 37-ма Средба на правниците од стопанството на Македонија Охрид: Здружение на правници од стопанството на Македонија-Скопје, 1997
[15] Г. Станковиќ, Б. Старовиќ, Р. Кеча, Н. Петрушиќ, Арбитражно процесно право, Правни факултет, Ниш, 1999.
[16] Закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија,( Сл. Весник на Р. Македонија бр.39/06).
[17] Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015).
[18] Правилник на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија бр. 07-1177/8 од 20.04.2011 година и Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија бр.3479/8 од 15.12.2011 година.
[19] Т. Зороска Камиловска, Арбитражно право, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, Скопје, Македонија, 2015.
[20] T. Zoroska Kamilovska, Interim Measures in IP Litigation from the Macedonian Perspective Iustinianus Primus Law Review Vol. 4:1, 2013.